## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26.11.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6013 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во десетдневниот извештаен период, што се однесува на периодот од 11 до 20 ноември, анализирани се исто толку изданија на вестите на ТВ Арт, емитувани во периодот од 18 часот и 45 минути.

Вкупното времетраење на анализираните прилози е 2 часа 11 минути и 27 секунди Станува збор за прилози со информативен предзнак (вест, вест во низа, извештаи, извештаи со коментар, изјави). *(Табела 1)*

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Арт | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:15:30 | 11,79 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:31 | 2,68 | % |
| Граѓански сектор | 00:11:21 | 8,63 | % |
| Судство | 00:03:01 | 2,29 | % |
| Без субјекти | 00:12:35 | 9,57 | % |
| Други субјекти | 00:25:24 | 19,32 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:57 | 5,29 | % |
| СДСМ | 00:05:05 | 3,87 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:13 | 9,29 | % |
| Специјално обвинителство | 00:04:18 | 3,27 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:36 | 0,46 | % |
| Влада на РМ | 00:13:42 | 10,42 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:56 | 5,27 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:03 | 2,32 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:56 | 0,71 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:23 | 1,05 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:02:01 | 1,53 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:22 | 0,28 | % |
| Либерална партија | 00:00:03 | 0,04 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:03 | 0,04 | % |
| Беса | 00:01:23 | 1,05 | % |
| Левица | 00:00:03 | 0,04 | % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:01:01 | 0,77 | % |
| | **Вкупно: 02:11:27** | 100 | % |

Со двоцифрена процентуална застапеност во вестите на ТВ Арт се појавуваат три субјекти, оние кодирани како „Други субјекти", „ДИК и други органи" и „Влада на РМ". Заедно зафаќаат 2/5 од времето на анализираните прилози (повеќе од 40%).

Најзастапена меѓу нив, со времетраење од 25 минути (19.32%), е категоријата субјекти кодирани како „Други субјекти" и во овој извештаен период тука припаѓаат: Совет на родители од ОУ „Лирија" – Тетово, Стопанска комора на северозападна Македонија, доктори, Правен факултет при Универзитетот „Св Кирил и Методиј" од Скопје, Македонска академија на науките и уметностите, универзитетски професори, Народен правобранител на Република Македонија, Универзитет на Југоисточна Европа, Правен факултет на Тетовскиот универзитет, потпретседател на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Црвен крст на Република Македонија итн.

Државната изборна комисија, со присутност од повеќе од 15 минути (11.79%), е второзастапен субјект во вестите на Телевизија Арт. Медиумот информираше за активностите на ДИК, преземени во рамки на извештајниот период: прес по повод доставените листи со кандидати за пратеници, прес за тоа кои партии треба да ги доуредат своите листи поради недостатоци, одбиени листите на Социјалдемократската партија на Македонија и на Народно движење на РМ поради некомплетираност, официјално соопштени податоци за тоа колку политички субјекти ќе учествуваат на изборите, ждребка во организација на ДИК за редоследот на

политичките партии на гласачкото ливче, потпишан Кодекс од страна на политичките партии за фер избори под покровителство на ДИК и други.

Појавувањето на претставниците на Владата во прилозите на ТВ Арт е за нивните редовни активности, согласно функцијата што ја извршуваат, а не во функција на изборно медиумско претставување. Емитувани се изјави на владините преставници, како дел од прилозите поврзани со: рокот за доставување на на листи со кандидати за пратеници до ДИК (претставник на МВР), истражувањето на Евроатлантскиот совет на Македонија за членството на нашата земја во НАТО и ЕУ (изјава на вицепремиерот за евроинтеграции), санација на кровот на ОУ „Лирија" во Тетово (претставник на Министерството за образование и наука), извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија (изјава на вицепремиерот Арбр Адеми), одбележувањето на Денот на албанската азбука (изјава на државниот секретар на Министерството за култура), забелешките во извештајот на Европската комисија во делот на економијата и финансиите (изјава на претставник на Министерство за финансии) и др. Емитуван е и билтен на Министерството за внатрешни работи, пренесен е ставот на Владата во врска со затворањето на комбинатот Југохром, информирано е за средбата на министрите за надворешни работи на Македонија и Грција.

Простор е одвоен за вкупно 11 политички субјекти: ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, Партија за демократски просперитет, ДУИ, Беса, НДП на Фадил Зендели, ДПА, Коалиција (Унитети, ДПА-ДР, НДП на В.Мемеди) и незначително за Либерална партија, Коалиција ВМРО за Македонија и Левица.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Арт | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:39 | 3,50 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:59 | 10,58 | % |
| Други субјекти | 00:12:18 | 26,11 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:47 | 25,01 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:21 | 0,74 | % |
| СДСМ | 00:01:20 | 2,83 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:06 | 0,21 | % |
| Влада на РМ | 00:04:43 | 10,01 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:36 | 3,40 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:11 | 2,51 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:11 | 2,51 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:21 | 0,74 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:11 | 0,39 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:06 | 6,58 | % |
| Беса | 00:00:55 | 1,95 | % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:00:14 | 0,50 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:09 | 2,44 | % |
| | **Вкупно: 00:47:07** | 100 | % |

## *Посебни информативни емисии* [1]

### *Дебатни емисии*

На 17 ноември, во рамки на емисијата „Зиг – Заг", на теми поврзани со изборите во САД, нивното значење за Балканот и посебно за Македонија, дискутираа поранешните дипломати Агрон Буџаку и Насир Селими. Емисијата е репризирана два пати, на 18 ноември.

### *Други информативни програми*

Во рамки на извештајниот период, е емитувано издание на емисијата којашто се занимава со обработка на економски теми, насловена „Уметност на финансиите". Станува збор за колажна емисија составена од повеќе прилози од сферата на економијата. Централни теми за коишто се говори во изданието на емисијата од 16 ноември се Извештајот на ЕК во делот на економските прашања, очекувањата за економска и финансиска стабилност на РМ, ЕУ интеграциите, економската соработка со соседните земји. Во рамки на емисијата е емитуван разговор со универзитетскиот професор, Бесник Фетаи. Емисијата е два пати репризирана, на 17 ноември.

***Сектор за програмски работи***

[1] Поради технички проблеми со снимките, не се анализирани 11, 12 и 13 ноември во поглед на емитуваните посебни информативни емисии